**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401,

Бр. 08-1899/1
26-09-2025

Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование, член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научните, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и член 114 од Законот за високото образование, Деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на еден демонстратор за студиската програма по македонски јазик по предметот:

- Лингвостилистика 1 (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по албански јазик и книжевност - наставна насока по предметот:

- Албанска култура и цивилизација 1 (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по албански јазик и книжевност - наставна насока по предметите:

- Книжевност за деца 1 (0+2) и Албанска книжевност 1 (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по француски јазик и книжевност по предметите:

- Француска книжевност 1 (0+2), Француска книжевност 5 – Роман XIX век (0+2) и Француска книжевност 7 – Роман XX век (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по словенечки јазик и книжевност и славистички студии по предметите:

- Словенечки јазик и граматика 3 (0+4) и Словенечки јазик и граматика Б1 (0+4);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот:

- Современ англиски јазик 3 (0+4);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот:

- Вовед во англофонската книжевност (0+4);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот:

- Современа англиска поезија (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметот:

- Англиска книжевност во 18 и 19 век (0+4);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметите:

- Преведување од француски јазик В на македонски јазик 3 и Преведување од македонски јазик на француски јазик Б и обратно 3 (0+4);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметот:

- Англиски јазик В3 (0+6);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметите:

- Англиски јазик Б5 (0+6) и Англиски јазик В1 (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по преведување и толкување по предметите:

- Теорија на преведување и толкување 1 (0+1), Преведување од германски (Б,В) на македонски јазик 1 (0+2) и Преведување од македонски на германски јазик Б1 (0+1);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност по предметите:

- Современ италијански јазик 1, Италијански јазик 1 за Применети странски јазици – ДАФЛС, Италијански јазик 3 за Применети странски јазици – ДАФЛС;

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети - на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот:

- Introduction to English Veterinary Terminology 1 (0+2);

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети - на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот:

- Англиски јазик за студиската програма по прв и втор циклус интегрирани студии по општа медицина, на студиската програма за четиригодишните академски студии за логопеди, на студиската програма за тригодишните студчни студии за дипломирана

медицинска сестра/медицински техничари, на студиската програма за тригодишни стручни студии за дипломиран радиолошки технолог, на студиската програма за тригодишни стручни студии за дипломиран инженер по медицинско-лабораториска дијагностика и на студиската програма за тригодишните стручни студии за дипломирана акушерка/акушер.

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети – на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот:

- Италијански јазик 2 (2+0).

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018 и Сл. Весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнти и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:

- биографија;
- доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски